„Нема да се одржи ниту една седенка на која нема да се спомене Аллах и нема да се испрати салават на нивниот пратеник, а, таа седенка, да не биде причина за нивно каење. Па, ако сака – Аллах ќе ги казни, а ако сака – ќе им прости.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Нема да се одржи ниту една седенка на која нема да се спомене Аллах и нема да се испрати салават на нивниот пратеник, а, таа седенка, да не биде причина за нивно каење. Па, ако сака – Аллах ќе ги казни, а ако сака – ќе им прости.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي في الكبرى]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупредил на опасноста од занемарување на спомнувањето на Аллах, и дека секоја седенка на која луѓето ќе се соберат, и нема да го спомнат Аллах и нема да испратат салават на Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ќе им биде причина за жал, каење, загуба и недостаток на Судниот ден. Па, ако сака Аллах – ќе ги казни поради нивните претходни гревови и идни пропусти, а ако сака – ќе им прости, поради Своја добрина и милост.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5511